**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр.** 08-330
09.10 **2023 година**
**Скопје**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 75 став 4 алинеја 10 од истиот Закон, одредбите од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, точка 5 од Одлуката Уп1 бр.08-187 од 16.06.2023 година за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво Скопје, одлучувајќи по Дописот - молбата бр.03-198/1 од 03.10.2023 г. (наш Уп1 бр.08-187 од 03.10.2023 г.) на Приватната високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје и Заклучокот бр.02-3637/4 од 09.10.2023 година, на својата 32-ра седница одржана на 09.10.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста

1. СЕ ПРОДОЛЖУВА рокот за започнување со вршење на дејноста, за радио емитување на програмски сервис наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво Скопје, на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје, основана од правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје.

2. Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје која е основана од правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, се обврзува да започне со вршење на дејноста најдоцна до 10.10.2023 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во ставот 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

3. Оваа Одлука е конечна и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 19-та седница одржана на 15.06.2023 г. донесе Одлука Уп1 бр.08-187 од 16.06.2023 г. за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво Скопје, на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, со седиште на Бул.„Партизански одреди“ бр.99, 1000 Скопје.

Согласно точка 5 од Одлуката за доделување на дозвола (Уп1 бр.08-187 од 16.06.2023 г.), непрофитната радиодифузна установа која ќе биде основана од кандидатот на конкурсот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, на кое му е доделена дозвола согласно горецитираната Одлука, се обврза да започне со вршење на дејноста на 02.10.2023 година.

Согласно член 77 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗАВМУ, кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје по приемот на Одлуката за доделување на дозвола за радио емитување, има обврска да се регистрира во соодветниот регистар како непрофитна радиодифузна установа и примерок од регистрацијата да достави до Агенцијата. Согласно член 77 став 2 од истиот Закон, Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, ќе ја издаде дозволата за радио емитување.

На 26.09.2023 г. правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје до Агенцијата достави Решение деловоден број: 30120230012326 од Централниот регистар на Република Северна Македонија - ЦРРСМ (наш Уп1 бр.08-187) со кое врз основа на Одлуката за доделување на дозвола за радио емитување Уп1 бр.08-187 од 16.06.2023 г., извршен е упис на основање, односно регистирана е Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје.

Од увидот во доставеното Решение (наш Уп1 бр.08-187 од 26.09.2023 г.), Агенцијата констатираше дека се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на член 39 став 1 точка 5 од ЗАВМУ, односно дека одговорното лице на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје – Билјана Трендафилова, се јавува како основач на рекламна агенција, за што Агенцијата го извести овластеното лице на подносителот на предметното барање и укажа дека треба да ја отстрани недозволената медиумска концентрација, со цел издавање на дозволата за радио емитување. На 28.09.2023 г. во телефонски контакт со овластеното лице на непрофитната радиодифузна установа, Агенцијата беше информирана дека на 28.09.2023 г. покрената е постапка пред ЦРРСМ заради отстранувањето на утврдената недозволена медиумска концентрација, за што беше споделена и потврда од ЦРРСМ.

Агенцијата, согласно член 77 став 2 од ЗАВМУ, ќе ја издаде дозволата за радио емитување (во рок од 15 дена) по приемот на регистрацијата од соодветниот регистар како непрофитна радиодифузна установа. Но, со оглед дека регистрацијата на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје не беше во согласност со одредбите од ЗАВМУ (постоење недозволена медидумска концентрација во однос на овластеното лице), не беа исполнети законските услови за издадавање на дозволата за радио емитување на непрофитната установа. Како резултат на наведеното, истата не започна со вршење на дејноста во утврдениот рок (02.10.2023 г.).

Од страна на Приватната високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје на 03.10.2023 г до Агенцијата беше доставен Допис - молба бр.03-198/1 (наш Уп1 бр.08-187 од 03.10.2023 г.) за одложување на датумот за започнување со вршење на дејноста - емитување на програма на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје, поради административни проблеми во ЦРРСМ.

На 04.10.2023 г. до Агенцијата беше доставено Решение, деловоден број: 30120230012421 (наш Уп1 бр.08-187) од ЦРРСМ со во прилог Тековна состојба, деловоден број: 30120230012421 од Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје. Од увидот во доставената документација се констатира дека не

се создава недозволена медиумска концентрација, по што за Агенцијата не постојат пречки да ја издаде предметната дозвола за радио емитување.

Имајќи го предвид наведеното, дека не започнувањето со емитување се должеше на потребата од отстранување на недозволената медиумска концентрација, за што беше нужно постапување на друг орган – ЦРРСМ, а Агенцијата согласно начелото на сервисна ориентација на јавните органи (член 9 од Законот за општата управна постапка), треба да постапува во интерес на странката и да се грижи да не повреди ничии права, а во овој случај немаше друг кандидат на конкурсот, Советот на Агенцијата одлучувајќи по Дописот - молбата бр.03-198/1 од 03.10.2023 г. (наш Уп1 бр.08-187 од 03.10.2023 г.), донесе одлука со која се продолжува рокот за започнување со вршење на дејноста за радио емитување на програмски сервис на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ Скопје односно се обврзува да започне со вршење на дејноста најдоцна до 10.10.2023 година. Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста, Агенцијата согласно член 82 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Следствено на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 75 став 4 алинеја 10 од истиот Закон, одредбите од Законот за општата управна постапка, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Одлуката Уп1 бр.08-187 од 16.06.2023 година за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентска популација, на македонски јазик, на регионално ниво Скопје, постапувајќи по Дописот – молбата бр.03-198/1 од 03.10.2023 г. (наш Уп1 бр.08-187 од 03.10.2023 г.) на Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, а согласно Заклучокот бр.02-3637/4 од 09.10.2023 г., донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа Одлука, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на Одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје;
- Агенцијата за електронски комуникации;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

[2]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).